# СУДСКА ОДЛУКА ВО КОРИСТ НА РОМСКИ И НЕРОМСКИ МАЛОЛЕТНИ ПРЕСТАПНИЦИ ЗАРАДИ УСКРАТЕНО ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



**Брисел, 24 март 2021 година**: Судот во Северна Македонија им наложи на националните власти да обезбедат образование за децата во Воспитно-поправниот дом Тетово, повеќето од нив Роми, од почетокот на учебната 2021/2022 година. Основниот суд Скопје 2 во Скопје донесе првостепена пресуда дека ускратеното право на образование во ВПД Тетово претставува индиректна дискриминација врз децата, и врз основа на нивната етничка припадност и врз основа на нивниот статус како малолетни престапници. Случајот беше покренат од страна на Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР) во сопствено име, и како правен застапник на сите засегнати деца. Пресудата не е правосилна и против неа може да се изрази жалба.

*„Ова е првиот позитивен чекор кон обезбедување правда за овие деца“*, изјави менаџерката за правни работи при ЕЦПР, Сенада Сали. *„По претходната тужба за овој случај, судот го одби тужбеното барање со објаснување дека не може да постои дискриминација бидејќи на ниедно од децата не им се нуди формално образование. Ние сметавме дека ваквиот аргумент е апсурден и покажува недоволно разбирање на концептот за индиректна*

*дискриминација, па затоа во март минатата година поднесовме нова тужба во име на сите деца од оваа воспитно-поправна институција – ромски и нероМски“.*

ЕЦПР поднесе тужба против Управата за извршување санкции (во рамките на Министерството за правда), Министерството за образование и Воспитно-поправниот дом Тетово, кој моментално е лоциран во рамките на затворот во Охрид. Тужбата е една од првите од ваков вид (тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес) поднесени врз основа на ново усвоениот Закон за спречување и заштита од дискриминација кој неодамна беше повторно усвоен и вратен во сила откако претходно беше укинат од страна на Уставниот Суд. Во неа се аргументира дека децата сместени во воспитно-поправниот дом се индиректно дискриминирани во споредба со децата вон таа институција кои имаат слободен пристап до основно и средно образование. Бидејќи ромските деца се диспропорционално застапени меѓу штитениците на оваа институција, се смета дека тие подлежат на натамошна индиректна дискриминација врз основа на нивната етничка припадност.

Судот им наложи на надлежните органи да обезбедат пристап до образование од почетокот на следната учебна година (септември 2021 год.), и да ги надоместат трошоците за водење на постапката во износ од околу 1,130 евра.

Во постапката што се водеше пред домашниот суд, ЕЦПР го застапуваше Кети Ј. Јованова, адвокат од Скопје.

Ова соопштение за јавноста е достапно и на англиски јазик.

За повеќе информации или за да договорите интервју, контактирајте ги:

Сенада Сали
Менаџер за правни работи
Европски центар за правата на Ромите
senada.sali@errc.org
+389 74 240 274

Џонатан Ли (in English)
Менаџер за застапување и комуникации
Европски центар за правата на Ромите
jonathan.lee@errc.org
+36 30 500 2118

(Image: 2016 Report Ombudsman of North Macedonia)